НАШЕ СОНЦЕ

Септември, 2014

МКД СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ - КРАЊ, СЛОВЕНИЈА

Број 18

# НАШЕ СОНЦЕ



Прешерново оро 2014, прв дел

Со богата културно уметничка програма одбележан денот на жената

Изложба на слики од Irena Gayatri Horvat

22. Денови на Св. Кирил и Методиј

Športna sekcija - nogometni turnirji

Фолклорна секција: гостувања

## Содржина

**3** Прешерново оро 2014, прв дел

**5** Со богата културно уметничка програма одбележан денот на жената

**7** Изложба на слики од Irena Gayatri Horvat

**8** 22. Денови на Св. Кирил и Методиј

**17** Изборни собранија 2014

**18** Športna sekcija - nogometni turnirji

**19** Детската фудбалска екипа учествуваше на турнирот во организација на КД Брдо

**19** Културна програма при поделувањето на свидетелства на учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик

**20** Фолклорна секција: гостувања

## Наше сонце

**Издавач на весникот:**

МКД Св. Кирил и Методиј-Крањ

Адреса: Савска цеста 34, Крањ, Словенија

Весникот излегува два пати годишно

Весникот е бесплатен.

Тираж 300 примероци

**Автори на весникот:**

Сандра Газинковски, Весна Алексова, Ивица Боболински, Елена Минчевска - Бабачев, Зоран Бабачев, Зекирија Шаиноски, Методи Златков, Игор Захариев

**Фотографија:**

Ирена Јерас Димовска, Лојзе Калиншек, Зоран Бабачев, Даниел Атанасов

**Дизајн и техничко уредување:**

Игор Захариев

## Вовед

Почитувани читатели!

Во овој број на весникот на кратко ги опишавме активностите на друштвото во првата половина на 2014 година. Централен настан во овој период беа 22-рите Денови на Св. Кирил и Методиј, кои се одржаа од 23. до 31. мај и ги карактеризираше богата културно уметничка програма: настапот на мешаниот пејачки хор Билјана од Љубљана; отварањето на изложбата на Анка Крашна и Душан Клун; театарската претстава Каминот, во изведба на народниот театар Антон Панов од Струмица; трибината на тема „Зајакнување на врската помеѓу дијаспората и Република Македонија“ и промоцијата на книгата „Македонска дијаспора – клуч за развојот на Република Македонија“ од д-р Златко Николоски; квиз натпреварот помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик; спортските активности и целовечерниот концерт на македонски групи од Словенија и друго.

Исто така ги отворивме и изложбите на Димитар Малиданов, Матјаж Дух и Irena Gayatri Horvat. Фолклорните групи гостуваа на неколку настапи во Словенија и Австрија, а фудбалската секција успешно учествуваше на неколку турнири. На редовните избори за претседател на друштвото беше реизбран Игор Захариев, а беа избрани и новите состави на органите на друштвото.

Електронската форма на весникот е достапна на нашите интернетни страни:

www.mkd-kim.si и

www.mkc-kranj.si

Од уредниците

## Прешерново оро 2014, прв дел

Музиката, песната, сликата, или со еден збор уметноста, има моќ да ги избрише границите, да направи мост и цврсто да поврзе две култури, две различни традиции и обичаи и два народа. Културната поврзаност меѓу македонскиот и словенечкиот народ традиционално и годинава се покажа на 8 февруари, на словенечкиот културен празник посветен на др. Франце Прешерн. Со реализација на манифестацијата Прешерново оро, Македонците кои живеат и работат во Крањ се вклучија во одбележувањето на празникот на др. Прешерн. Под мотото **песна - слика - оро**, со богата културна програма во која беа вклучени двете култури, обичаи и традиции, и гости од двете националности во просториите на Македонското културно друштво во Крањ се славеше словенечкиот поет.

Културната манифестација ја отвори фолклорната група Калина-Модрин од Љубљана. Богатата македонска народна носија, музиката, песната и оро и овојпат кај македонските иселеници ги разбудија чувствата за





татковината, ги навратија на спомените од детството, на кавалот, седенките, на сè она каде се играло македонско оро и пеела македонска песна. Дел од богатата програма беше и настапот на словенечкото културно друштво Јоже Паплер од Бесница. Друштвото со стогодишна традиција, на македонско-словенечката вечер се претстави со рецитирање на Прешернови и песни од сопствен репертоар.

Во рамките на проектот Прешерново оро беше отворена и изложба на академскиот сликар и графичар Димитар Малиданов. Уметничката јавност го познава како одличен графичар, но овојпат покрај графики, ѕидовите на ликовната галерија ги красеа и неколку негови слики. Подолг период препознатлив знак за уметничките дела на Малиданов се растителните мотиви. Самиот ќе рече, природата е бесконечна, каде и да одам каде и да се завртам, најдам нешто интересно, дали ќе биде тоа камен, лист, гранка или некој друг мотив од природата и ќе го пренесам на сликарското платно.





Ликовната критика за делата на Малиданов ја напиша маг. Боге Димовски. Според зборовите на критичарот, авторот во своето долгогодишно искуство на полето на уметноста, целосно е посветен на мотивите од традиционалното македонско културно наследство на етнолошките сеќавања на тие слики земени директно од природата.

Димитар Малиданов е роден 1946 година во Саракиново, Егејска Македонија. Дипломирал сликарство и графика на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, подоцна во Париз специјализира литографија. Повеќе од три децении работи како ликовен педагог. На Факултетот за ликовна уметност е редовен професор по графика, а последните години од






работниот век е и декан на факултетот. Самостојно има изложувано на повеќе од 35 изложби во Европа и САД, редовно учествува на групни изложби насекаде по светот. За својата уметничка работа е добитник на многу македонски државни награди. Добитник е и на повеќе меѓународни награди.

Белег на манифестацијата Прешерново оро остави богатата трпеза, обложена со традиционални македонски јадења (зелник, надалеку познатото тавче гравче, ајвар, туршија). Отанува гостите кои беа во голем број, да прераскажувават за вредната македонска домаќинка, за мирисот и вкусот на македонската кујна за македонскиот мелос сè до догодина, до следната заедничка средба.

## Со богата културно уметничка програма одбележан денот на жената

Со македонско оро и песна, македонска храна залиена со македонско вино, Македонците од Крањ го прославија денот на жената, 8 Март.

Културно уметничката програма ја отворија најмладите играорци од фолклорната група од Крањ. Пред љубителите на македонската фолклорна ризница, младите фолклористи покажаа и докажаа дека се верен чувар и продолжувач на фолклорот и традицијата.

Музичката фолклорна традиција, најавтентично до публиката ја доближија македонската фолклорна група Калина од Љубљана и музичката група која работи во рамките на МКД Крањ. Со изворна изведба на песните: *Распукала Шар Планина*, *Гугутка гуга во гора*, *Кумановско поле* и *Маце, Маце* докажаа дека ја негуваат исконската традиција на фолклорот од сите региони на Македонија.

За побогата културна програма се погрижија и учениците од допол-







нителната настана по македонски јазик, кои преку кратка програма ни го доближија мајчиниот јазик и со публиката споделија дел од наученото.

По повод Денот на жената во ликовната галерија на МКД Св. Кирил и Методиј беше поставена и изложба на академскиот сликар, професор доктор Матјаж Дух. Изложбата е дел од проектот Ликовна мултилатерала 2014. *Сеќавања* беше тематската изложба на уметничките дела на мариборскиот академски сликар. Критика на неговите дела напиша маг. Боге Димовски. Сликарот во своите дела се посветува на циклусните тематски мотиви од урбаните сцени, пејзажи и мртви природи. Изложбата именувана *Сеќавања* го прикажува најновиот период од креативното сликарство на



авторот Матјаж Дух, ќе напише маг. Боге Димовски. Изложбата *Сеќавања* се панорамски претстави на нереални напуштени градови, предградија, кои ги прикажуваат современите апокалиптични напуштени градови.



Матјаж Дух е роден 1957 година во Марибор. Работи како вонреден професор за специјална дидактика на Педагошкиот факултет на Универзитетот во Марибор. За својата уметничка работа повеќепати е наградуван. Матјаж Дух е член на Друштвото на ликовни уметници во Марибор и на Сојузот на друштва на словенечки ликовни уметници. Прославата на празникот 8 Март продолжи со интерна забава.

# Изложба на слики од Irena Gayatri Horvat

Македонското културно друштво Св. Кирил и Методиј беше домаќин на хрватската академска графичарка Irena Gayatri Horvat. Изложбата беше дел од проектот Ликовна мултилатерала 2014. Критика за уметничките дела на младата сликарка напиша маг. Боге Димовски. Како што пишува критичарот, фабричкиот простор на МКД на авторката и овозможи презентација на сликарскиот циклус, кој е составен од ликовни дела со поголеми димензии. Специфичниот галериски простор беше одлична можност за поставување на најновите дела на сликарката Gayatri Horvat. Изложените дела се изработени на посебни предходно подготвени подлоги, напиша критичарот.

Irena Gayatri Horvat е родена во Загреб, каде завршува ликовна академија. За време на студиските патувања проучува многу култури во светот. Искуствата ги пренесува на слики или во поезија. Учествува на многу самостојни и групни изложби. Irena Gayatri Horvat е член на Хрватското ликовно друштво и на Ликовното друштво во Крањ.



Културната програма ја збогатија членовите на оркестарот од изворни македонски инструменти кој успешно работи во рамките на МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ. Низ десет минутна квалитетна музичка програма со изведба на неколку познати македонски песни (*Дедо иде и игра*, *Невено мори Невено* и *Осоговска*) за момент со мислите не вратија во татковината, таму каде за првпат сме ги слушале овие песни.

Културниот настан беше проследен од претставници од Локалната самоуправа на Крањ, претставници од црногорското, албанското и бошначкото културно друштво. Дружењето заврши со традиционална кулинарика.





# 22. Денови на Св. Кирил и Методиј

Традиционално, последната седмица од месец мај, во рамките на *Деновите на Св. Кирил и Методиј*, во Крањ ја претставуваме македонската култура. На годинашнава програма, која траеше од 23. до 31. мај се најдоа следните настани: настапот на мешаниот пејачки хор Билјана од Љубљана; отварањето на изложбата на Анка Крашна и Душан Клун; театарската претстава Каминот, во изведба на народниот театар Антон Панов од Струмица; отварањето на изложбата на макети на Горан Стојановски и Димчо Ангелов; трибината на тема „Зајакнување на врската помеѓу дијаспората и Република Македонија" и промоцијата на книгата „Македонска дијаспора – клуч за развојот на Република Македонија" од д-р Златко Николоски; турнирите во мал фудбал, брзопотезен шах и пинг понг; квиз натпреварот помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик на тема познавање на македонскиот јазик, историја и култура; целовечерниот концерт на македонски фолклорни групи и пеачки хорови од Словенија и други.

**Отварање на 22. Денови на Св. Кирил и Методиј**

Со богата културно уметничка програма во присуство на претставници од различни култури започна неколку дневното чествување на солунските просветители. Прославата започна со отварање на



изложба на дела работени на хартија од уметниците **Анка Крашна** и **Душан Клун**.

*Дијалози* беше темата на изложените дела на Анка Крашна, а тематскиот циклус на Душан Клун беше насловен *Некогаш постоеле приказни*. Ликовна критика за изложените дела напиша ликовниот критичат маг. Боге Димовски.

Ликовниот критичар за делата на Анка Крашна напиша: *во креирањето на уметничките дела не е важен само надворешниот естетски изглед туку и внатрешната содржина на целиот настан во сликите. Лицата се претставени во различни улоги, како слушател или интерпретатор.*







*Слушателот може само тивко да слуша, не може да одговара бидејќи нема уста. Циклусот е насликан во ладни нијанси на сива боја, дијалогот се случува меѓу четири очи. Машките, женските или неопределените лица се незадоволни со незадоволни погледи.*

Анка Крашна е академска сликарка, родена е 1950 година во Марибор. Дипломирала на Академијата за ликовна уметност во Љубљана. Моментално е редовна професорка на Педагошкиот факултет при Универзитетот во Марибор. Досега има учествувано на околу седумдесет самостојни и над 160 групни изложби. Добитник е на многу награди.

За делата на Душан Клун критичарот ќе напише: *во создавањето на своите дела се одлучува за прецизни описи на избрани мотиви, како што се шумите и ливадите за време на мирување. Душан Клун се вбројува меѓу современите словеначки уметници. Сликите ги создава со различна цел и различна потреба, употребува различни техники и историско уметнички термини. Негово најзастапено уметничко изразување е употреба на бело-црни или црно-бели тонски контрасти, на бела или црна позадина*.



Душан Клун е академски сликар, роден е 1948 година во Љубљана. Дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Љубљана. На словенечката јавност е познат и како илустратор.

**Театарската претстава *Каминот* беше прикажана пред Македонците кои живеат во Крањ**

Во рамките на 22. Денови на Свети Кирил и Методиј на импровизирана сцена, во просториите на Македонското културно друштво во Крањ, струмичкиот народен театар *Антон Панов* ја изведе театарската претстава, со наслов **Каминот,**





работена по текст на бугарскиот автор Маргарит Минков. Режијата е на струмичкиот актер Васил Михаил, улогите ги толкуваа младите актери Јасмина Вучкова во улога на Ирис и Коста Ангов во улога на Хенри. Претставата се играше на посебно уреден простор, со ограничен број на гледачи. Каминот е театарска претстава со современа тематика. Толку професионално е направена, така што гледачот лаик, гледајќи ја претставата истовремено сѐ разбира и ништо не разбира. Во претставата станува збор за еден маж и една жена, кои се во брачен однос. Релацијата маж-жена или поточно сопруг-сопруга, понекогаш знае да доведе до комични ситуации, а тие може да кулминираат со заплет, кој ја прикажува смешната страна на бракот. Жената, Ирис може да биде секоја од улица, но може да биде и жена од високите кругови. Гледачите, гледаа претстава, која го прикажува апсурдниот живот денес, но и апсурдниот живот вчера и утре.



**Изложба на макети**

Во рамките на 22-те Мајски денови се одржа промоција и изложба на макети од страна на **Димчо Ангелов** и **Горан Стојановски**.







Изложбата беше отворена од страна на претседателот на МКД Св. Кирил и Методиј, Игор Захариев, кој со пригоден говор ги поздрави изложувачите и гостите и им се заблагодари за нивното присуство, а на изложувачите им подели благодарници и пригодни подароци.

Димчо Ангелов се претстави со своите макети на куќи и објекти изработени од дрвени стапчиња и кибритчиња. Како што истакна господинот Ангелов, изработката на макети за него



претставуваат хоби со кое се занимава веќе триесетина години. Во својот говор истакна дека ова претставува прва изложба на која што присуствува и се заблагодари на приложената можност да ги претстави своите макети во кои спаѓаат: Македонска православна црква – Швајцарија, куќа од Делчевскиот регион, куќа Ангелови – Истибања, мотел Соко Бања, куќа Злеово, Радовиш, хотел Виола – Крањска Гора, црква Света Троица штипско, макета на Ајфеловата кула од Париз и други.

Вториот изложувач тој ден беше Горан Стојановски, кој се претстави со своите макети на товарни камиони и цистерни. Како што истакна господинот Стојановски, со изработка на вакви макети тој се занимава веќе подолго време и за разлика од господинот Ангелов, тој има учествувано на повеќе изложби и натпревари како локални така и меѓународни. До сега е веќе добитник на повеќе награди и пофалници, а за квалитетот на неговите дела зборува и фактот што тие денови, на државниот фестивал *Свет во мало*, на кој што учествуваше со моделот Scania R620 + цистерна

Schmitz (направена за пивара Лашко) го освои првото место.

На крајот присутните гости имаа можност да ги разгледаат изложените макети како и да ги прашаат нивните автори за сè она што ги интересираше во врска со самите макети.

**Трибина на тема „Зајакнување на врската помеѓу дијаспората и Република Македонија“ и промоција на книгата „Македонска дијаспора – клуч за развојот на Република Македонија“ од д-р Златко Николоски**

Во рамките на деновите на македонската култура се одржа и трибината со наслов „Зајакнување на врската помеѓу дијаспората и Република Македонија“ на која свое предавање одржа реномираниот гостин од Република Македонија, д-р Златко Николоски, кој ја искористи оваа пригода и за промоција на книгата „Македонска дијаспора - клуч за развојот на Република Македонија“.

Гостинот, д-р Златко Николоски, магистрирал и докторирал на






Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет во Скопје. Неговиот докторат токму е заснован од над сто интервјуа со иселеници и комуникација со активисти од над триесетина иселенички организации.

Моментално работи во Секторот за гранични работи и миграции во Националниот координативен центар за гранично управување во Владата на Република Македонија.

„Македонска дијаспора - клуч за развојот на Република Македонија“ е дело на 466 страни издадено на македонски и англиски јазик во кое авторот прави анализа на начините на соработка со дијаспората и досегашните негови искуства на таа тема.

Во своето излагање д-р Николоски се осврна на историјатот, односно почетоците на иселувањето на поединците од Македонија и нивната врска со матичната земја низ годините, при што тој наведе и неколку примери на други европски земји во кои иселениците претставуваат значаен дел од државата и како тие земји соработуваат со своите иселеници.




Според досегашното негово искуство се заклучува дека соработката меѓу македонската држава и дијаспората бележи подобрување, но се уште не е на ниво кое ќе овозможи придобивки за двете страни. Заради тоа д-р Николоски преку оваа книга предлага еден нов можен модел како да соработуваат македонската држава и македонската дијаспора и како да се искористи потенцијалот на македонската дијаспора за развојот на Република Македонија. Како и што самиот изјавува тоа може да се постигне меѓу другото и преку отворање на министерство за дијаспора, закон за дијаспора, формирање на Македонски национален фонд, комуникација на оваа тематика во Македонската Акаденија на Науките и Уметностите, подобрување на админстративната комуникација, соработка на министерството за култура со македонските културни заедници.

На крајот на своето излагање, д-р Николоски ја истакна својата благодарност за поканата да учествува на трибината во организација на МКД Св. Кирил и Методиј – Крањ како и можноста да ја претстави својата книга пред македонската заедница во Словенија.

**18$^{\text{-ти}}$ квиз натпревар помеѓу учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик**

Покрај големиот број на културни, спортски и забавни програми и оваа година свое место и допринос дадоа и учениците кои редовно ја посетуваат дополнителната настава по мајчин македонски јазик и културно наследство на Република Македонија во Република Словенија.

На 31. мај 2014 година традиционално по 18$^{\text{-ти}}$ пат и оваа година се одржа квиз натпреварот на тема **Колку ја познаваме Република Македонија?** за учениците од 6-9 одделение и **Поблиску да ја запознаеме Република Македонија** за учениците од 1-5 одделение. По бројот на пријавени екипи и ученици годинашниов квиз беше најмногуброен и најголем досега.

Во групата ученици од 1-5 одделение учествуваа екипи од Крањ, Љубљана и Копер. Првото место го освоија учениците од Крањ. Во групата ученици





од 6-9 одделение учествуваа 2 екипи од Љубљана, 2 екипи од Копер и по една екипа од Хрпеље-Козина и Постојна. Првото место го освои екипата на Копер 2.

Учениците кои учествуваа на овај квиз натпревар за постигнатите знаења беа пофалени и наградени од претседателот на Сојузот на МКД во Република Словенија, господинот проф. д-р Крсте Димитровски, од претседателот на МКД „Св. Кирил и Методиј“ од Крањ, господинот Игор Захариев и од аташето на Македонската амбасада во Љубљана, господинот Александар Димовски.



**Спортски активности**

Во рамките на 22-те Денови на Св. Кирил и Методиј се одржаа неколку спортски активности.

На **турнирот во мал фудбал**, кој и годинава се одржа на ракометното игралиште во Стражишче, првото место го освои екипата на организаторот, МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ, кои во финалето ја совладаа екипата на МКД Охридски бисери од Нова Горица.



На традиционалниот **турнир во брзопотезен шах**, во конкуренција на 22 шахисти, првото место го освои Милорад Булатовиќ, второто место му припадна на Зејнил Корач, додека трет беше Метод Логар. За добра организација на турнирот се погрижија Станко Атанасов и Вид Газвода.



На **турнирот во пинг понг,** во конкуренција на 14 играчи, првото место му припадна на Јонче Георгиев.





**Целовечерен концерт на македонски фолклорни и пеачки групи од Словенија**

Како по обичај, 22-те Мајски денови се заклучија со целовечерен концерт на македонските фолклорни групи и хорови од Словенија. Уште една година по ред, на едно место се собраа сите фолклорни групи и пеачки хорови на македонските културни друштва во Словенија со цел ширење на македонската култура и фолклор.

Како што му припаѓа редот, концертот го отворија домаќините, МКД Св. Кирил и Методиј со настапот на детската фолклорна група и оркестарот на изворни музички инструменти под водство на Методи Златков. Детската фолклорна група под водство на кореографот Катарина Герасимова ги воодушеви присутните со својата изведба и затоа со сигурност може да се каже дека иднината на фолклорната група во рамките на МКД Св. Кирил и Методиј е во сигурни раце.





Потоа следеше настапот на МФГ Калина-Модрин од Љубљана, при што тие овој пат се претставија како со



хорско пеење така и со фолклорен настап под успешното водство на Соња Цекова Стојаноска. Хорот се претстави со четири македонски народни песни додека пак фолклористите се претставија со сплетот *Жетварка*.



Со своето присуство не почастија и нашите соседи од МКД Илинден од Јесеници кои што се претставија како со својата главна фолклорна група која го изведе сплетот *Повардарие* во кореографија на Тодор Стојменов, така и со својата ветеранска фолклорна група која што беше придружувана од страна на оркестарот на изворни музички инструменти при што се претставија со сплет од мекедонските ора: *Правото*, *Шопка* и *Малешевка*.



Следеше настапот на еден дебитант кој првпат настапи на Мајските денови.



Имено во склоп на МКД Кочо Рацин од Копер започна со работа фолклорната секција под водство на Блаже Атанасов. МКД Кочо Рацин се претстави со кореографијата *Водарки* и нивниот настап предизвика воодушевување кај присутните гости.

На ред беше МКД Македонија од Љубљана кои се претставија со својот хор под водство на Весна Петрова Ристова со изведба на четири македонски народни песни.



Потоа следуваше изненадувањето на вечерта. Имено со рецитал на песната *Распукала Шар Планина* се претставија група девојчиња кои ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик под водство на Зекирија Шаиноски. Групата беше составена од четири девојчиња, од македонска и словенечка националност.



За финале на концертот се погрижи МКД Охридски бисери од Нова Горица. Гостите од Нова Горица се претставија со сплетот *Источна Македонија* под водство на кореографот Џевад Абаз, кои и покрај малите технички проблеми успешно го завршија настапот за што беа наградени со громогласен аплауз.



Концертот заврши со обраќање на претседателот на МКД Св. Кирил и Методиј, Игор Захариев, кој им се заблагодари на сите гости и им додели благодарници за нивното учество со желби повторно да се видиме и наредната година.

## Изборни собранија 2014

За времетраењето на 22. Денови на Св. Кирил и Методиј, поточно на 24. мај се одржа 11. редовно изборно собрание на МКД Св. Кирил и Методиј. За претседател на друштвото повторно беше избран Игор Захариев. Беа избрани и новите органи на друштвото:

**Управен одбор:**
Игор Захариев, претседател
Миладин Младенов, потпретседател
Сандра Газинковски, секретарка
Драгана Богатинова, благајничарка
Методи Златков
Д-р Илија Димитриевски
Зоран Бабачев
Билјана Томов
Димитри Илиевски
Пеце Коминкоски
Далибор Ѓорѓевски
Красимирка Соколова
Горан Стојановски

**Надзорен одбор:**
Атанас Продански, претседател
Зоранче Петровски
Геро Стаменковски

**Суд на честа:**
Пане Кржовски, претседател
Стојанче Богатинов
Милан Соколов

Истиот ден во просториите на Македонскиот културен центар се одржа и 10. редовно изборно собрание на Сојузот на македонски културни друштва во Словенија, кога за претседател беше избран проф. д-р Крсте Димитровски.

# Športna sekcija - nogometni turnirji

Kot vsako leto se je tudi letošnja nogometna sezona pričela v Stražišču pri Kranju. V okviru majskih dnevov Sv. Cirila in Metoda, ki traja več kot teden dni, je bil nogometni turnir kar dobro obiskan. Čeprav je bila vremenska napoved za vikend slabša, je bila nedelja sončna. Poleg društev iz Kranja, Jesenic, Kopra, Ljubljane in Nove Gorice je bila prvič povabljena ekipa nogometašev iz Novega mesta. Za sojenje je poskrbel sodnik Predrag Vasić, ki je imel popoln nadzor nad dogajanjem na igrišču. Ekipa MKD Ilinden z Jesenic je zasedla tretje mesto. Zasluženo pa sta se do finala prebili ekipa iz MKD Ohridski biseri in domača ekipa Sv. Cirila in Metoda. Zmaga in končno prvo mesto je pripadlo domačinom saj je domači vratar Zlatko Andonoski »zaklenil« svoja vrata in na koncu osvojil tudi pokal za najboljšega vratarja. Drugo uvrščena ekipa iz Nove Gorice je v svojih vrstah imela še najboljšega strelca. Daleč največ golov je dosegel Atanas Petkov.



Junija smo bili kot nogometna ekipa Sv. Cirila in Metoda prvič udeleženci Vukovega turnirja v Radovljici s strani KPŠD Vuk



Karadžić. Naši ekipi je bilo zelo všeč, da se igra na umetni podlagi saj tu zmeraj dosegamo dobre rezultate. Ker je prišlo samo pet ekip se je igralo po sistemu »vsak z vsakim«. Na koncu se je preštelo točke in izračunalo gol razliko za končni razpored na lestvici. Do zadnje tekme je naša ekipa imela tri zmage. Po naključju se je zgodilo, da smo igrali zadnjo tekmo z domačo ekipo, ki je odločala o prvih dveh mestih na turnirju. Ker smo v zadnji minuti dobili gol za izenačenje rezultata na 2:2 se po izenačenem številu točk na razpredelnici ni dalo določiti zmagovalca turnirja in je bilo treba primerjati gol razliko. Za en gol razlike je bila boljša domača ekipa iz Radovljice in na našo smolo osvojila prvo mesto. Od naših fantov pa je bil izbran še najboljši igralec turnirja, in sicer vodja ekipe Ivica Bobolinski.

Na Jesenicah, v organizaciji MKD Ilinden, smo se odrezali precej slabše kot na prejšnjih dveh turnirjih in izpadli iz tekmovanja že po skupinskem delu. Ekipa je bila verjetno z mislimi že nekje na morju saj so se bližali vroči julijski dnevi.

## Детската фудбалска екипа учествуваше на турнирот во организација на КД Брдо

На 15. јуни детската фудбалска екипа на МКД Св. Кирил и Методиј зеде учество на турнирот за деца до 14 години во организација на КД Брдо од Крањ. Турнирот се одржа на фудбалското игралиште во Преддвор, а екипата на нашето друштво (во состав: Мартин Захариев, Сандро Андонов, Андреј Сарафимов, Роберт Димитров, Драган Дерменџиев, Алекс Златков и Матеј Алексов) го освои првото место.



## Културна програма при поделувањето на свидетелства на учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик

На 14. јуни 2014 година по повод завршувањето на учебната 2013/2014 година од дополнителната настава по македонски јазик и културно наследство на Република Македонија, во просториите на ОУ „Драгомирја Бенчича Бркина", учениците изведоа културна програма за родителите и другите присутни гости.

На учениците им беше соопштен постигнатиот успех од дополнителната настава по македонски јазик и културно наследство на Република Македонија од страна на претседателот на Сојузот на МКД во Словенија господинот проф. д-р Крсте Димитровски и аташето на македонската амбасада во Република Словенија, господинот Александар Димовски.

На оваа културна програма покрај нашите ученици од Крањ кои ја посетуваа дополнителната настава по македонски јазик свој настап имаше и фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методиј" од Крањ, кои се претставија со богата културна програма на македонски народни песни и ора.

Фолклористите беа пофалени од присутните гости од Општина Хрпеље-Козина, од градоначалникот на оваа општина, господинот Звонко Бенчич Мидре, како и од страна на присутните наставници и управите на ОУ „Драгомирја Бенчича Бркина" од Хрпеље-Козина и ОУ „Копер" од Копер.

# Фолклорна секција: гостувања

**8.3.2014: Настап на детската фолклорна група на приредбата по повод денот на жената**

По повод денот на жената, 8$^{\text{-ми}}$ Март во просториите на друштвото беше организирана културна приредба каде што учество зедоа нашите најмали фолклористи, кои се претставија со сплет македонски песни и ора, со што ја збогатија програмата.



**15.3.2014: Детската фолклорна група настапи на детскиот фестивал *Рингараја***

Детската фолклорна група настапи на детскиот фестивал Рингараја, на покана на српското културно друштво



Брдо од Крањ, кои веќе третпат по ред го организираат овој фестивал. Настапот на нашите фолклористи беше прифатен со големо одушевување од страна на публиката. Тие за прв пат се претставија со нови носии изработени во Македонија.

**12.4.2014: Учество на Global Village во BTC City во Љубљана**

Во просториите на Трговскиот центар BTC City во Љубљана беше организирана манифестацијата Global Village. На штандот кој беше наменет за презентација на македонската кулинарика, традиција и култура од страна на МКД Македонија од Љубљана, бевме присутни и ние со




нашите најмали фолклористи. Тие се претставија со неколку ора од Источна Македонија во придружба на оркестарот на народни инструменти на нашето друштво.

**31.5.2014: Детската фолклорна група ја отвори завршната вечер на 22$^{\text{-рите}}$ Денови на Св. Кирил и Методиј,**





**претставувајќи се со сплет од македонски песни и ора.**

**7.6.2014: Настап на музичката група на *Фолклорни денови* во Јесенице.**

Како и секоја година и оваа МКД Илинден од Јесенице го организираше фестивалот *Фолклорни денови*, кој се одржа на локацијата позната како *Стара Сава*. Учество зеде оркестарот на народни инструменти кој се претстави со неколку песни и ора од Осоговскиот регион.

**8.6.2014: Настап на детската фолклорна група на прославата по повод празникот Св. Троица**

По повод нашиот верски празник Св. Троица, на Јепрца кај Крањ, крањската црковна општина организираше собор. Во културниот дел настапија повеќе македонски фолклорни групи од Словенија, меѓу кои настапи и нашата детска фолклорна група со неколку македонски изворни песни и ора.

**14.6.2014: Учество на приредбата по повод поделувањето на свидетелствата на учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик**

Традиционално и оваа година при поделувањето на свидетелствата беше организирана приредба од страна на Сојузот на македонските културни друштва во Словенија, овој пат во Основното училиште во Козина. Беа поделени свидетелствата и наградите за успешно завршената учебна година. Нашите најмали фолклористи од кои еден дел ја посетуваат наставата по македонски јазик ја збогатија културната програма настапувајќи со еден македонски сплет на песни и ора од источниот регион на Македонија.

**18.6.2014: Настап на Сесловенскиот симпозиум на културата во Марибор**

На 18. јуни 2014 година во Марибор се одржа Сесловенскиот симпозиум на културата, на кој учество зедоа сите словенски држави: Македонија, Србија, Бугарија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија, Хрватска, Русија, Белорусија, Украина, Полска, Чешка и Словачка.



Учеството на нашите претставници на овој симпозиум беше организирано од страна на Амбасадата на Република Македонија во Љубљана и Министерството за култура на Република Македонија.

Нашата држава - Македонија ја претставија ученици и фолклористи од Крањ и Хрпеље-Козина.

Во Марибор беше отворен штанд со македонски реквизити, книги, учебници, географски и туристички карти на Република Македонија, рецепти од традиционалната македонска кујна, ЦД дискови од најатрактивните туристички дестинации од летниот и зимскиот туризам во Македонија. Исто така на штандот беше воспоставен контакт со државите учеснички на овај голем Сесловенски симпозиум.

Фолклористите и учениците настапија со македонски народни ора и песни.

Финансиски покровител на настапот на нашите ученици и фолклористи беше Амбасадата на Република Македонија во Љубљана, односно Министерството за култура на Република Македонија.

За успешниот настап добивме пофалба од организаторот и од присутната публика. Одговорни за овај настап беа господинот Методи Златков, раководител на фолклорната секција при МКД Св. Кирил и Методиј од Крањ и Зекирија Шаиноски, наставник по дополнителна настава по македонски јазик и културно наследство на Република Македонија во Република Словенија.

**21.6.2014: Настап на ветеранската фолклорна група на 16-тиот Етно-фолк, каде се претставија со ора и песни од Осоговијата**









**4.7.2014: Настап на ветеранската фолклорна група на фестивалот Altstadtfest во Feldkirchen, Австрија**

На фестивалот кој е во организација на Заводот за туризам на град Feldkirchen, а како соорганизатор се јавуваат Билјана и Зоран Томов, годинава учествуваше ветеранската фолклорна група на МКД Св. Кирил и Методиј. Фестивалот го започнавме со дефиле по улиците на градот, а потоа следуваше настап на централниот плоштад каде настапивме со ора и песни од Осоговијата, за што бевме наградени со бучен аплауз. Потоа следеше забава пред македонскиот штанд, каде можеа да се забележат македонски национални обележја и симболи, имаше македонски традиционални јадења и пијалоци, се играше македонско оро и се пееја македонски песни.



**М К Д  С В. К И Р И Л  И  М Е Т О Д И Ј - К Р А Њ,  С Л О В Е Н И Ј А**

**MKD Sv. Ciril in Metod - Kranj, Slovenija**

**Адреса:** Савска цеста бр.34, 4000, Крањ, Словенија (**Naslov:** Savska cesta 34, 4000 Kranj, Slovenija)

**Телефони:** +386 (0)40 572 785, +386 (0)40 166 882

**Интернет страни:** www.mkd-kim.si, www.mkc-kranj.si

**E-mail:** mkd.kranj@gmail.com

http://www.facebook.com/mkd.kim




## Донатори и покровителски организации

**ДОНАТОРИ:** Tabakum Export-Import d.o.o., Novo mesto | Biljana in Zoran Tomov - Avstrija | Makedonija trade d.o.o., Ljubljana | Vinojug d.o.o., Šenčur | Zebra d.o.o., Kranj | Avtošola – Ekspert d.o.o., Kranj | Radika prevozi d.o.o., Ljubljana | Maktrans d.o.o., Ljubljana | Novateks d.o.o., Ljubljana | Kara d.o.o., Tržič | Rule turs d.o.o., Skopje | DRD d.o.o., Domžale | Alkaloid d.o.o., Ljubljana | Miladin Mladenov s.p., Preddvor | Okrepčevalnica Matevž, Kranj | Goldy s.p., Kranj | SA-MI s.p., Kranj | Foto Daniel Atanasov, Kranj

**ПОКРОВИТЕЛСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:** Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije | Mestna občina Kranj | Ministrstvo za kulturo Republike Slovenije | Savatech d.o.o., Kranj | Амбасада на Република Македонија во Република Словенија

Projekt “Informacijski center - Naše sonce” je sofinanciral Javni sklad za kulturne dejavnosti Republike Slovenije